# ОБЈАСНУВАЊЕ КОН ПРЕГЛЕДОТ НА ДАНОЧНИ СТАПКИ

**I. Промена во висината на даночната стапка со Законот за изменување и дополнување на Законот за данок на добивка („Службен весник на РМ“, број 139/06)**

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за данок на добивка (Службен весник на РМ број 139/06) со член 17 се менува член 29-в став 1 и гласи: Данокот што ќе се задржи во согласност со одредбите од член 29-б на овој Закон се пресметува на бруто приходите по стапка од 10%.

Согласно член 37 од овој Закон, по исклучок на одредбата од овој член, стапката на данок на добивка, за приходите од членот 29-б, точки 1, 4, 5, 6, 7, 9, 10 и 11 на овој закон, односно данокот по задршка за 2007 година изнесува 12%.

Доколку странското правно лице, прималец на приходот е резидент на држава со која Република Македонија има склучено Меѓународен договор за одбегнување на двојното оданочување по однос на даноците на доход и капитал, тогаш даночната стапка која е утврдена за тој приход утврдена во Законот не смее да ја надмине даночната стапка која се применува за приходот одредена во договорот.

Тоа значи дека доколку со одредбите од Меѓународните договори даночната стапка по која треба да се пресметува и задржува данок на одделни видови на приходи, не е фиксно определена, туку е дадена формулацијата ...така обложениот данок не може да надмине повеќе од _ проценти..., тогаш **при пресметување и задржување на данок на овој вид на приход треба да се примени пониската стапка помеѓу даночната стапка одредена во Законот за данок на добивка и стапката утврдена во Меѓународниот договор за одбегнување на двојното оданочување.**

**II.** Даночната стапка од 10% се применува само во случај на користење или право на користење на кинематографски филмови и филмови или ленти за радио и телевизиски пренос. Даночната стапка од 5% се применува во сите останати случаи.

**III. Дефинирање на категоријата други приходи**

Под други приходи се подразбираат деловите од доходот на резидент на државата договорничка, без оглед каде се остварени, а кои не се опфатени со одредбите од конкретниот договорот.

**IV.** Договорот со Белгија (означени со *) е Меѓународен договор за одбегнување на двојното оданочување склучени од страна на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а преземен и во примена од Република Македонија. Истиот ќе се применува се додека не започне да се применува меѓународниот договор за одбегнување на двојното оданочување кој Република Македонија го има склучено со Белгија.

**V.** Договорите кои Република Македонија ги има склучено со Белгија, Босна и Херцеговина, Арапска Република Египет, Исламска Република Иран, Кувајт и Казахстан (означени со **) се уште не се во примена.